**20161763974**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 29 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 209/15), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16 и 163/16), член 51 од Законот за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15 и 39/16) и член 53 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 16.9.2016 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2016 ГОДИНА

I

Во Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/16, 68/16, 71/16 , 90/16, 100/16, 112/16, 121/16, 133/16 и 163/16) делот I се менува и гласи:

„Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година во вкупен износ од 5.520.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Македонија за 2016 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.209/15 и 143/16) раздел 140.04 програма 2 потпрограма 20 ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

| Број на мерка | ***Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства*** | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Директни плаќања за растително производство | 1.197.000.000 |
| 2. | Директни плаќања за сточарско производство | 161.400.000 |
| | ***Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)*** | |
| 3. | Помош во премии и осигурување | 70.000.000 |
| 4. | Помош за заштита на земјоделското земјиште | 2.000.000 |
| 5. | Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство | 10.000.000 |
| 6. | Помош во сточарскиот сектор | 181.600.000 |
| 7. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година | 20.000.000 |
| 7-а. | Помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 80.000.000 |
| 8. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2015 година | 30.000.000 |
| 8-а. | Дополнителна помош за загуби предизвикани од природни непогоди и неповолни климатски настани кои се случиле во 2016 година | 120.000.000 |
| 9. | Материјални трошоци за спроведување на Програмата | 15.000.000 |
| 10. | Заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од претходните години | 3.600.000.000 |
| 11. | Заостанати обврски од Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2014 година | 30.000.000 |
| ***Мерки за стабилизација на пазарите на земјоделски производи*** | | |
| 12. | Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од реколта 2016 година | 3.000.000 |
| | Вкупно | 5.520.000.000 |

II

Во дел II во воведната реченица износот „1.797.000.000“ се заменува со износот „1.197.000.000“.

III

Во дел III во воведната реченица износот „511.400.000“ се заменува со износот „161.400.000 “.

IV

Во дел VIII износот „50.000.000“ се заменува со износот „20.000.000 “.

V

Во дел IX износот „50.000.000“ се заменува со износот „30.000.000 “.

VI

Во дел XI износот „3.400.000.000“ се заменува со износот „3.600.000.000“.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 42-7003/1
16 септември 2016 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Никола Тодоров**, с.р.